**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 април 2000 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Радмила Шеќеринска, Радомир Карангелески, Владо Сугаревски и Васе Манчев, ме известија дека од оправдани причини, не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам, притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, да го утврдиме бројот на присутните во салата.

Во салата присуствуваат 78 пратеници.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија господинот Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет и генералниот директор на МТВ.

Владата на Република Македонија, согласно член 339, од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската и туристичката дејност, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

58 пратеници се за, 3 се воздржани и 18 се против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на Закон за начинот на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните, по кои гарант е Република Македонија, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа по скратени рокови на оваа седница.

Пред да гласаме, процедурално се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, пратениците се известени со писмо од Владата денеска, на оваа седница, дека еден закон, кој ни е доставен пред неколку дена, тоа е Предлог за донесување на Закон за начинот на исплатата на депонирани девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија, денеска го добивме барањето кое Вие сега го читате, да се донесе по скратени рокови.

Ве молам, пред да продолжиме со расправа, да ни ги објасните деловничките одредби, по кои Владата може да достави по скратени и по итни рокови, што значи скратен, што значи итен рок, затоа што, во услови кога ние на самата седница добиваме барање од Владата, Вие на самата седница го доставувате, ние не можеме да направиме разлика што е скратен, а што е итен рок.

Ве молам, да ни објасните, па понатаму да се изјасниме, во врска со таквото толкување на вакви случаи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во член 339, скратување на роковите во постапката за донесување на закон. Тоа е посебна глава од Деловникот.

Ако не е во прашање сложен или обемен закон, овластениот предлагач на законот, со поднесувањето на Предлогот за донесување на закон или Предлог на закон, може да ги предложи роковите за извршување на одделни работи, определени со овој Деловник, да се скратат.

Предлогот за скратување на роковите, од став 1 на овој член, може да поднесе и претседателот на Собранието, а потоа вели претседател на собор, одбор, бидејќи овој Деловник е стар.

Предлогот за скратување на роковите, мора да биде образложен. Но, за да биде образложен, ние треба да утврдиме, дали ќе го ставиме денеска на дневен ред или нема да го ставиме.

Бидејќи, поминува низ две фази, имаме еден заклучок, па понатаму Собранието одлучува дали треба да се расправа и т.н.

Според тоа, основа е член 339, на кој се повикува, со право, Владата на Република Македонија. А по итна постапка, тоа значи да свикам итно седница, во најкраток можен рок, на која што ќе го разгледуваме тоа прашање.

Итната седница, веќе има, по Уставот утврдени елементи, поради кои што се свикува: ако се нарушат тековите на стопанскиот развој, точно се утврдени тие.

Според тоа, мислам дека можеме да гласаме, дали ќе го ставиме на дневен ред или нема да го ставиме.

Господинот Никола Поповски, повторно се јавува процедурално за збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, сакам да го предупредам Собранието на Република Македонија, дека во овој случај Владата се обратила до Собранието, повикувајќи се на одредби од Деловникот, кои не соодвествуваат со овој закон.

Владата тоа може да го направи, во услови кога седницата на Собранието претходно ја известува, а не на денот на одлуката за дневен ред и второ, кога не се работи за сложен и обемен закон, за да се скратат роковите, заради можноста побрзо да се усвои.

Од самиот закон, кој Владата го достави, е совршено јасно, дека се работи, за многу сложен и многу обемен закон. Закон, со кој Македонија, како држава е гарант на депонираните девизни штедни влогови, треба да исплати една милијарда и сто милиони германски марки, во роковите определени со Законот.

Јас апсолутно тврдам, дека Собранието не може да се повика на скратување на процедурата, во услови кога на некои клучни работни тела, го немаат разгледувано Законот во Собранието, заради тоа што немале известување до денеска. Дека не се створени деловнички и законски услови, Собранието да разгледува еден закон, кој е многу сложен, многу обемен и кој повлекува многу средства, во скратени рокови.

Затоа, во име на пратеничката група на СДСМ, со оглед на содржината на Законот, кој заради роковите, во кои Законот предвидува да се реализира, апсолутно, нема никаква итност или потреба, да се донесе денеска, Владата да го повлече од оваа седница и да го пушти во редовна процедура, на седница, на која ќе можеме пратениците, пратеничките групи и работните тела на Собранието на Република Македонија, во нормална процедура да го погледаат законот, кој и така доаѓа во една фаза, тоа е Предлог за донесување на закон, со Предлог на закон. Апсолутно, не можеме да прифатиме дека во овој случај не се работи за сложен и обемен закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски.

За збор се јави господинот пратеник Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас процедурално се јавив, но претходно. Не во смисла на оваа дискусија сега. Вон контекст ќе биде моето јавување за процедурално. Подоцна ќе се јавам процедурално, не во контекст на ова сега што се расправа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас сакав да ве потсетам и на член 342 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Во член 342 пишува: "Соборот, а тоа значи Собранието, претходно одлучува, по предлогот за скратување на рокови".

И ако го усвои тој предлог, а тоа ние сега го правиме, пристапува кон претресување на законот, со Предлогот на законот.

Според тоа, имаме и друг член, во овој застарен Деловник што го имаме, но сепак е во употреба, ние денеска претходно одлучуваме, дали оваа точка да ја ставиме на дневен ред.

Тоа е деловнички, поради кое што, јас денеска сакам ова да го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме, дали овој закон денеска да го ставиме на седница на дневен ред?

Процедурално се јавува господинот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Вие ме убедувате дека има деловнички и уставен и законски основ.

Ние сакаме да укажеме и преку координаторот, дека институтот, скратување на рокови и институтот на истата седница, исто така да се расправа по Предлогот за донесување закон и Предлог на закон, се злоупотребуваат во овој Парламент и од ваша страна.

Вие го злоупотребувате вашето место претседател на Парламентот, со тоа што овој Парламент, односно ова Собрание, го доведувате да не може да расправа по многу битни и важни закони во основната процедура.

Вам ви е познато, дека согласно Деловникот, материјалите на пратениците, треба да бидат доставени 30 дена, пред да биде одржана седницата. Роковите можат да бидат скратени на 15 дена. Вие користите една можност, согласно Деловникот, ќе ја закажете седницата, го користите тоа деловничко право, да имате скратени рокови 15 или 30 дена иако земеме една аналитика или статистика, овој Парламент, голем број закони, ги носи по скратени рокови. Тоа е суспензија на Парламентот. Особено, за

сложени и битни закони. Тој институт се користи во исклучителни случаи. Нашиот координатор зборуваше, доколку Владата смета, на самата седница ќе го користи институтот итност. Тоа не значи, свикување на итна седница. Ќе излезе претставникот на Владата и ќе каже дали се нарушени стопанските текови, се што се случува. Замислете, за депонирани девизни влогови за сите претходни закони, кои Вие ги предлагате да расправаме, нема никакви елементарни услови. Ни пак работните тела, ако го читате Деловникот, а да не зборуваме за поставување на амандмани. Во дадениот случај, се работи за сложен, обемен закон, закон кој Вие дури да го проучите и го доставите во Нацрт - закон. Вие точно велите дека одлучува Собранието. Да, одлучува Собранието, но за спроведување на Деловникот, Вие мора да се грижите.

Собранието, врз основа на парламентарното мнозинство, може да одлучи за се. Затоа, ви укажуваме на вас да го почитувате Деловникот. Вие, може да доставувате решенија за дневен ред, заедно со материјалите, ако ги исполните условите.

Во дадениот случај, тврдам и укажувам, дека се нарушени роковите и е нарушен основниот принцип на работење на еден Парламент. Вие, доколку се усвои, можете да ја прекинете седницата, меѓутоа, матичната Комисија за финансирање и буџет не расправала, односно немала можност да расправа, за да може да се закаже.

Во дадениот случај, можете да го користите институтот итност, бидејќи институтот итност, што овозможува? Овозможува прескокнување на првата фаза, овозможува скратување на роковите и веднаш да се расправа во Предлог на закон. Со тоа што, Вие го задолжувате или дотичното тело или ЗПК да расправа, значи ја прекинувате седницата.

Сметам, дека овој принцип, не може да се применува во Парламентот, во основа, како принципиелно прашање, во конкретниот случај.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам да одговорам во врска со ова што е кажано.

Сакам да ве потсетам на следново: Јас би го прекршил Деловникот и не би постапил по него, доколку не би го ставил на претходно изјаснување, барањето на Владата. Ние овде се произнесуваме, по барање на Владата. Владата бара да оди во скратени рокови. И ова, што сега го поставувам, пред да го утврдиме дневниот ред, прашањето е ние да се произнесеме по барањето на Владата, позитивно или негативно. Јас се согласувам со вас, дека многу често го користи правото Владата да оди во скратени рокови. Јас немам никаков друг правен инструментариум, освен да го поставам пред вас, а Вие да гласате. Дали ќе го ставиме на дневен ред или нема да го ставиме. Во спротивно, дури тогаш ќе ги пречекорам своите овластувања. Јас не знам дали сум јасен, меѓутоа, од содржински аспект се согласувам со вас, дека не треба да се користи почесто овој институт од страна на Владата. Но сега, имаме една таква ситуација, каде ние можеме да кажеме и стоп, да гласаме, да не се расправа денеска. Но, ние мораме да се произнесеме, по ова барање што Владата го има доставено до Собранието. Јас така постапувам до сега.

Има збор госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас сакав само да реагирам на излагањето на господинот Гештаковски, во врска со изјавата дека Парламентарното Собрание може да донесе било каква одлука.

Прво, во врска со се она што беше упатено на ваша адреса, како претседател на Собранието. Факт е дека, деловнички вие сте должни да ја почитувате процедурата, пропишана во Деловникот. Вие не го носите Деловникот на ова Собрание и жалнa е констатацијата, што овде мораме да ја кажеме и што се однесува критички, не само за овој состав, туку за жал и за минатиот состав, кој што работи по Деловникот од 1990 година, дури и многу порано, од 1978 година со сите предлог измени.

Она што стои пред нас, е да се направи Деловникот, меѓутоа, Парламентарното Собрание, не донесува се и сешто, односно не може да изгласа се и сешто. Тоа ја оценува итноста за тоа дали некоја точка може да биде разгледувана, по скратена, односно итна постапка. Во случајот, можеби не е деловнички зацртана постапката за овој закон, бидејќи навистина е обемен и сложен закон. Меѓутоа, во новиот Деловник, јас сум убедена дека не само институциите, кои што се наброени по постоечкиот Деловник, за итноста на постапката, ќе бидат и понатаму наброени, туку ќе биде и друга можност, она што го бараат граѓаните. Тоа е итноста, а мислам дека граѓаните доста долго чекаа на донесувањето на овој закон, односно на предлог измените, дека конечно ова е времето, кога истите треба да бидат изгласани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата Ѓулистана Марковска.

За збор се јавува повторно г. Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, потполно ве разбирам во делот, но Вие го прекршувате Деловникот, кога сте должни пред овој Парламент да оцените дали се работи за сложен и обемен закон. Членот од Деловникот е многу јасен.

Доколку не се работи за сложен и обемен закон, тогаш ви се дозволува претходно изјаснување на Парламентот.

Јас би ве прашал, бидејќи вашето мислење како претседател, посебно го ценам. Вие мислите дека е овој обемен и сложен закон и дека овој Парламент може да донесе Закон за обештетување на штедачите, граѓани на Република Македонија. Основниот принцип на Парламентот е да им дадеме на граѓаните, да се запознаат со решенијата. И да го усвоиме на денешнава седница, да има иницијатива од стручниот еснаф, од факултетите, тоа право го скратуваме. Се работи за сложен и обемен закон.

Овој Парламент може да донесе секаков акт, доколку се предложи. Но, дали е уставно и согласно законот, за тоа може да даде оценка Уставниот суд.

Мислам дека ваша задача е да оценувате, како прв меѓу нас, дали се работи за сложен и обемен закон, за да го поставите пред Парламентот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Александар Гештаковски.

За збор се јави господинот пратеник Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседателе, мислам дека не треба да се манипулира со наводната, итност на овој закон. Партиите од владината коалиција, меѓу другото, во сопствената програма и сопствениот договор за народот, напишаа дека во првите 100 дена од нивното владеење ќе донесат Закон за обештетување на штедачите. Тие секако, тоа не го направија, ни за година и пол дена. И после година и пол дена не верувам дека ова е најитното, што тие можат да го смислат, со оглед на тоа, што законот не предвидува, дури  и веднаш, по неговото донесување да започне обештетувањето на девизните штедачи на Македонија и тоа сега, со ставањето и манипулирањето, е чиста лага, во однос на оние, кои вистински се заинтересираа, да биде решен овој проблем.

Втората работа, точно е тоа што вие го кажувате, дека Собранието ако има барање од страна на Владата, дека треба таквото барање да го стави на изјаснување на пратениците.

Меѓутоа, исто така е точно дека како законодавен дом, а и неговиот претседател, треба да ја штити неговата уставна функција. Тоа значи, да му даде можност законодавниот дом, во рамките на нормални рокови, да разгледа еден ваков сложен закон, кој што сепак донесува одлука за исплата на милијарда и сто милиони долари.

Според тоа, мислам дека барањето на опозицијата е реално барање, не се во функција, да го омаловажи, дали има право Владата и дали ние имаме некакво право да се изјаснуваме, туку всушност, Собранието да го ставиме во функција на законодавен дом, кој што својата работа ќе ја одвива, во рамките на една нормална процедура.

Сметаме, дека Вие како претседател на Собранието, сепак треба и таа улога на заштитник на уставната функција на Собранието да ја овозможувате, од позицијата која што ја заземате, едно вакво барање на опозицијата да го уважите, како заштита на правото на законодавниот дом, во однос на извршната власт, која што би можела се од нас да бара и да не стави всушност во функција, само да ги аминуваме нивните барања, во рамките на нашите расправи и гласа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Ѓорѓи Спасов за учество во расправата.

Има збор пратеникот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Господине претседателе, Вие постапивте токму според Деловникот, дадовте можност сите ние пратениците да се изјасниме, како што е наведено во Деловникот, дали ќе го усвоиме тоа барање на Владата да отпочне таа скратена постапка на донесување на законот, со тоа што Вие им дозволивте на сите пратеници, па и пратениците да размислуваат поинаку да го кажат својот глас "за" или против.

Меѓутоа оваа продолжено дебатирање по однос на тоа убедување дали Вие да ни дозволите на нас да се изјасниме денеска, од страна на пратениците на СДСМ, всушност ни потврдува веќе подолго време овие антиреформски тенденции што ги изразуваат по однос на секој закон, па еве и на овој долго очекуван закон повторно се јавија и претставуваат одредена кочница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Глигоровски.

За збор се јави г-динот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, за да ја прекинеме оваа работа и да бидеме поефикасни во денешната работа на седницата, Вие како претседател на седницата треба под итно да го повлечете овој Предлог за ставање на дневен ред овој закон, бидејќи членот што го прочитавте од Деловникот за работа на Собранието не се однесува, ако добро се толкува членот, на скратување на расправа по овој Закон во Парламентот, дека баш денес мора да биде, туку скратувањето се однесува на сублимација на претходната со дефинитивната фаза, а не да се суспендираат сите органи на Собранието, пред се матичните парламентарни комисии да не расправаат по овој Закон.

Втората работа е тоа што претходните дискутанти од мојата парламентарна група го укажаа пред вас овде, дека се работи за еден економски закон, кој РМ пред граѓаните кои се оштетени за милијарда марки. Значи, воопшто не може да стане збор дека некое палијативно решение се носи по скратена постапка. Ако сме имале прилика во Парламентот 30 дена порано да добиваме закони за изјаснување и некои Конвенции за заштита на барски птици, лилјаци, ви се молам Вие и денес треба да покажете доблест и да го повлечете под итно овој предлог, за ние да можеме да го разгледаме и да се изјасниме по текстот, да не бидеме оквалификувани дека сме пред се и сешто во оваа држава.

Од друга страна ист ваков закон кој мислам 90% во своите одредби коинцидира со предложениот текст од страна на Владата што од прилика вчера го добивме како текст, поднесен од пратеникот Наќе Стојановски, веќе месец дена е влезен во парламентарното собрание. Мислам дека во почетокот на оваа денешна парламентарна расправа сите комисии кои се надлежни за овој Закон не успеа да го гледаат кој, како што реков пред месец дена е на расправа.

Значи се работи за една материја за која навистина пратениците мора до крај да ги проучат сите одредби и да се изјаснат "за" или "против". Од друга страна проблемот е кај Владата што после донесувањето на ваков закон од страна на пратеникот Наќе Стојановски, фактички интервенира да не би се сфатило тоа дека пратеник во опозицијата еве сега ни ги собра поените пред оштетените девизни штедачи.

Ние денес имаме на дневен ред и мислам дека тоа ќе се утврди во натамошната постапка на денешната седница, ист таков закон. Може Владата да интервенира со некои амандмани, да се доближиме до текстот и тој закон нека се изгласа, затоа што мислам дека се разликуваат само во два клучни члена. Тоа е износот на висината на каматната стапка за обештетување и начинот на исплата, дали ќе биде во обврзници или за кеш плаќање.

Инаку, другите одредби се исти и не ги тангираат многу оштетените граѓани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Илоски.

Има збор пратеникот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас само накратко сакам да укажам дека, колку што јас ја разбирам процедурата, предлагачот на законот, единствено има можност при уточнување на точка на дневен ред да образложи дали тој акт треба да биде донесен по итна постапка или не. Било која друга дискусија од не предлагач, прво нема место и нема потреба да биде овозможено.

Второ веќе не воведува во расправа која е содржина од тој акт.

Јас би сакал да пристапиме кон гласање, дали го прифаќаме образложението на претставникот, односно на предлагачот и со тоа оваа ситуација да биде апсолвирана.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, ги сослушав сите сугестии ние најнапред мораме да се произнесеме и ќе гласаме дали ќе го ставиме ова на дневен ред, а после тоа јас ќе оценам дали да ја прекинам седницата и да заседаваат матичните комисии за да се произнесат по овој Закон.

Но имаме ние конкретно барање, Владата бара да оди на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

60 пратеници гласаа за, 4 воздржани и 23 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Чедомир Кралевски предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување на избор на судија на Врховниот суд на РМ и Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Кочани.

Предлогот на одлуките ви се поделени. Молам да гласаме.

69 пратеници гласаа за, 2 воздржани и 12 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратеникот Стојан Андов поднесе барање Владата на РМ да изготви Информација за киднапирањето на војничката патрола кај с. Танушевци и бегството на Џеват Хасани и предлага таа да биде разгледана на оваа седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот потпретседателот на Владата Г-динот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Владата прифаќа да изготви ваква Информација, но не за оваа седница, туку за наредната седница на РМ, со оглед што оваа недела Владата не заседаваше.

Седница Владата има закажано утре и најверојатно Информацијата ќе биде изготвена за наредната седница, кога Собранието ќе ја има и ќе може да расправа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на потпретседателот на г-динот Ибраими.

Има збор г-динот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Сакам да предложам од дневниот ред да се изземе точката 6 - Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на РМ. Имено, овде се добива впечаток, колку што јас можев да следам од предлозите дека предлогот е даден од Комисијата за прашања на изборите и именувањата врз основа на Информацијата на Републичкиот судски совет и мислење на Министерството за правда.

Колку што јас можам да пресудам, имајќи го предвид трубењето на сите звона секојпат дека Судството треба да биде независно, мислам дека тоа треба да биде по Предлог на Републичкиот судски совет. Овде ние немаме Предлог на Републичкиот судски совет, туку имаме некоја Информацијана на Републичкиот судски совет.

Така да би барал дополнително толкување и објаснување.

Значи мојот Предлог е засега оваа точка да се иззема од дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, сега расправаме за Предлогот на г-динот Стојан Андов, а кога ќе дојдеме на утврдување на дневниот ред, ќе разговараме и за овој предлог.

Има збор г-динот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, јас го доставив ова барање, бидејќи ова е многу важно прашање и многу актуелно прашање.

Ја разбирам околноста дека Владата немала седница и не може сега да изготви Информација, меѓутоа укажувам и на потребата сепак ова Информација да ја uврстиме во дневниот ред, а оваа седница веројатно денес нема да заврши, па ако продолжиме утре или задутре ќе дојде на ред и оваа Информација, па да ја разгледаме.

Го молам уште еднаш претставникот на Владата, дали е во состојба да прифати ваква солуција.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали претставникот на Влдата би сакал да се произнесе, во текот на оваа седница која ќе трае најверојатно два - три дена да ја разгледаме Информацијата што на утрешната седница Владата ќе ја усвои.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас не верувам во текот на утрешниот ден ќе успееме да ја изготвиме таа информација, јас би прифатил таков предлог, под услов продолжувањето на оваа седница да не се закаже пред 7 дена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се согласувам да се уврсти во дневниот ред на оваа седница, а оваа точка да ја расправаме после 7 дена. Сигурно седницата нема да заврши деновиве.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед на карактерот на точките што ги имаме за денешната седница, ние ќе продолжиме и наредната недела со оваа седница, па затоа да ја ставиме како последна точка на дневен ред оваа Информација и кога ќе дојдеме на ред ќе ја разгледаме. Јас мислам дека на тој начин ќе дојдеме до едно компромисно решение.

Дали претставникот на Владата се согласува со еден таков предлог.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Се согласувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи претставникот на Владата се согласува.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред да се дополни со Предлог на одлуки за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 2000 години од Христијанството; за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на почетокот на Третиот Милениум; за збор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 90 години од раѓањето на Мајка Тереза "26 Август" 1910 година; за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 10-години од Првите повеќепартиски избори, а тоа е "11 Ноември" 1990 година; за избор на членови на

Управниот одбор на Здравствената работна организација Градска општа болница "Моша Пијаде" - Скопје; за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Медицински центар "Кавадарци" - Кавадарци и Предлог одлука за изменување на републички советници на Собранието на Република Македонија.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Предлог на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

75 пратеници гласаа за, 1 е воздржан и 6 се против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за избор на претседател на Врховниот суд на Република Македонија и Предлог на престанување на функцијата Судија на Врховниот суд на РМ на Маргарита Цаца - Николовска.

Процедурално се јавува г-динот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Јас веќе го кажав своето мислење. Веројатно малку избрзав, затоа што тоа беше за дополнување на дневниот ред, меѓутоа сега би повторил.

За што се работи? Овде има Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на РМ, а се работи на г-ѓата Маргарита Цаца - Николовска и сметам дема процедурата не е испочитувана. Имено предлогот е доставен од Комисијата за избор и именувања врз основа на информација од Републичкиот судски совет и мислење на Министерството за правда. Имајќи предвид дека навистина треба да се држиме до принципот на независноста на судството, мое мислење и мое сугерирање е, јас би сакал да слушнам постручни и компетентни мислења, е дека Предлогот треба да дојде од Републичкиот судски совет.

Затоа предлагам оваа точка од дневниот ред да биде симната и да добиеме дополнително толкување за запазување на една правила процедурална во целиот случај.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има г-днот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Пратеничката група на СДСМ го поддржува овој предлог на г. динот Столе Попов, точката да биде симната од дневен ред, со просто образложение, бидејќи треба да му се даде дополнителна информација на Собранието во врска со овој случај, со оглед на тоа што госпоѓицата Маргарита Цаца - Николовска е избрана точно г-ѓата пред година ипол дена речиси две, за судија на Европскиот Суд за човекови права во Стразбург и нејзиното практично работно место во Врховниот суд, со оглед што таму мандатот и трае три години. Со нејзиното разрешување на функција судија, дали била вистина доведена во ситуација по нејзиното враќање да нема било каков статус во рамките на Врховниот суд, покрај тоа што ова Собрание, односно Република Македонија ја предложи таа висока функција во Европскиот суд за човекови права.

Оттаму сметаме дека е оправдано ова барање уште еднаш да биде симнато од дневен ред и да дојде со некое поголемо образложение.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, во оваа ситуација ќе ве молам, имаме два предлози најнапред би сакал да расчистиме, бидејќи Комисијата за прашање на изборите и именувањата предлага на дневен ред на оваа седница да се дополни со Предлог за избор на претседател на Врховниот суд на Република Македонија и ние прво за тоа да гласаме. Тоа се две различни точки, а потоа ќе гласаме за другиот предлог.

Според тоа, ве молам да гласаме за Предлогот на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата во врска на оваа седница да се дополни со Предлогот за избор на претседател на Врховниот суд.

73 пратеници гласаа за, 1 воздржан и 6 против.

Според тоа констатирам дека овој Предлог е усвоен.

Сега имаме уште еден предлог од Комисијата, а потоа имаме и од Пратеничката група, односно пратеникот Стојан Попов, за кој што ќе гласаме.

Но прво, бидејќи е дојден од Комисијата треба да гласаме за Предлогот за престанување на функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија на Маргарита Цаца - Николовска.

Ве молам да гласаме.

47 пратеници гласа за, 3 се воздржани и 32 се против.

Според тоа констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

Пред тоа, господинот Љупчо Анушев побара збор процедурално.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, не сакав да се јавам претходно додека не се заврши дневниот ред. Ова мое процедурално прашање не е во врска со дневниот ред.

Сакав да изложам едно мое размислување во однос на користењето на чип картичките. Веројатно од преголема желба да не дисциплинира претседателот и стручните служби, имаат направено мал превид кој е во спротивност со Законот за противпожарна заштита. Во случај на пожар, протокот на излезните врати, автоматиката може да откаже, може картичка да се блокира, па ги молам стручните служби тоа да го земат во предвид, затоа што во таков случај некој ќе одговара.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на сугестијата на господинот Љупчо Анушев, тоа ќе го имаме предвид, меѓутоа, сакам да ве потсетам господа пратеници дека Правилникот за користење на овие чип картички беше доставен две недели порано, можевте да дадете сугестии и за ова прашање, меѓутоа никогаш не е доцна, тоа ќе го дополниме и како сугестија е прифатливо.

За збор се јави госпоѓата Наталија Димова - Марковиќ.

**НАТАЛИЈА ДИМОВА - МАРКОВИЌ:**

Колеги пратеници, претставници на Влада, во врска со предложениот дневен ред, поточно за Предлогот за донесување на Закон за акцизи, во името на пратеничката група на Демократската алтернатива, им предлагаме на предлагачите на овој закон да го повлечат денес од дневниот ред, со што би расправале на наредната седница.

Образложението е сосема кратко. Сметаме дека акцизата на приходи по основ на акцизи недоволно се исполнува, па нема логика да се бара намалување на акцизите, со што би дошле во колизија со ставот на Светската банка и ММФ.

Од друга страна, приходите по основ на ДДВ ќе го исполнат потребното ниво што дава друг маневарски простор и затоа сме подготвени, како демократска алтернатива, на наредната седница да поднесеме нов Предлог за разрешување на овој проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не би сакал да го прокоментирам овој Предлог, но убаво е што почнаа пратениците и пратеничките групи да предлагаат. Тоа веќе говори за еден по активистички однос на Собранието, односно законодавната власт спрема извршната власт. Но добро, за тоа предлагачите ќе се произнесат.

За збор се јави господинот Бузлевски како предлагач, но пред вас за збор се јави господинот Ханџиски.

Господинот Бузлевски има збор, а во меѓувреме господинот Ханџиски се откажа од дискусија.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Со почит кон искажаното од колешката, меѓутоа станува збор за различна материја која се уредува со овој закон и самото уредување на материјата од областа на акцизите, која сакаме да ја видоизмениме од постојниот систем кој сега е важечки, мислам дека нема пресудно влијание врз активноста која е во Република Македонија во поглед на собирање акцизи до сега, така што ние како предлагачи остануваме на предлогот, сите претходни процедури се реализирани и нормално е дека предлагаме овој закон да остане на дневен ред денес.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Димитар Бузлевски.

Според тоа, предлогот е на предлагачот да си остане на дневен ред.

Повторно се јавува за збор процедурално госпоѓата Наталија Димова - Марковиќ.

**НАТАЛИЈА ДИМОВА - МАРКОВИЌ:**

Со претходна консултација на министерот за финансии господинот Никола Груевски, добив една информација, која можеби ќе послужи за прифаќање на овој наш предлог како на пратеничка група.

Имено, на утрешната седница Владата ќе ја намали цената на нафтата, заради цената на нафтата на светскиот пазар.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Димитар Бузлевски, па господинот Илјаз Сабриу сака да се произнесе.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас не сум во тек со активностите кои се во рамките на владината работа и не знам која е основата на намалување на цената на нафтените деривати, но можам да претпоставам, со оглед на тоа што беше дадено објаснување дека, заради намалување на цената на суровата нафта на светскиот пазар, Владата би презела или ќе преземе активности за да се намали малопродажната цена на нафтените деривати, но тоа е друг основ. Претпоставувам дека тоа ќе го направи со намалување на рафинериската цена на нафтата, која цена е калкулативен елемент во малопродажната цена.

Бидејќи оваа материја е сосема друга материја и спаѓа во делот на акцизите кои се со закон уредени, ценам дека таа активност која ќе ја реализира Владата до толку е подобра за интенциите кои не водеа за да го изработиме овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да го сослушаме господинот пратеник Илјаз Сабриу, па потоа министерот за финансии.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Ова што го кажа по вторпат господинот Бузлевски, сакав да го изнесам и јас дека овој закон не се однесува само на цената на нафтата, односно на суровата нафта, туку е комплетен Закон за намалување на акцизите. За тие математички пресметки на седницата на Комисијата доста расправавме и жалам што и покрај нашето инсистирање да присуствува и самиот министер на седницата на Комисијата за финансии и буџет како матична, не успеавме да го добиеме, но со неговите соработници расчистивме некои работи и предложивме законот да оди.

Мислам дека добро е законот да биде на дневен ред денес и да расправаме по тој закон, а Владата какви одлуки ќе донесе на својата седница, тоа е нејзина тековна работа и треба така да се прифати.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Илјаз Сабриу во оваа процедурална расправа.

Има збор господинот министер за финансии господинот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Исто така би сакал да го поткрепам предлогот што беше даден овој закон да не биде ставен на расправа, бидејќи овој закон, доколку биде усвоен и доколку биде расправано по него и биде усвоен, ќе направи дупка во Буџетот од 2,5 милијарди денари, што ќе значи дека треба итно да се оди на ребаланс на Буџетот и на нови преговори со ММФ само за Буџетот, а тоа би значело одлагање на преговорите со ММФ за ноември - декември. Значи, ќе треба нов Буџет да се прави.

Втора работа е, ако некаде најмногу имаше проблем околу менување на цени, после воведувањето на ДДВ, тоа беше со нафтата, каде што цената скокна за околу 10%. Бидејќи на светскиот пазар, во изминатите десет дена, цената на нафтата паѓа, вчера изнесуваше околу 20 долари по барел, утре Владата ќе расправа по ова прашање и треба да биде донесено решение според кое цената на нафтата во Република Македонија ќе претрпи намалување и ќе дојде од прилика блиску до нивото што беше пред воведување на ДДВ, така што се амортизира ударот што беше од воведувањето на ДДВ.

Тоа се два аргументи, овој закон не води сметка за Буџетот на државата, не води сметка ниту за преговарачките позиции на државата и на тригодишниот аранжман што државата треба да го склучи со ММФ и е еднostран.

Затоа, мислам дека не би требало да се расправа по ваков закон, за кој и самата Влада даде негативно мислење.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Не можам да прифатам што сакаше министерот да каже.

(Смеење во салата.) Не завршив, само чекам колегите да се смират.

Господине министер, имавте прилика да дискутирате по содржината на законот, кога ќе се расправа по законот. Затоа не можам да разберам што сакавте да кажете. Владата си има дадено мислење. Мислењето на Владата е доставено до нас пратениците и во оваа фаза не е министерот тој кој одлучува дали една точка ќе се стави на дневен ред или нема да се стави на дневен ред.

Оттаму, колеги пратеници, Вие што се смеевте, треба да причекате кој ќе се смее после, а тоа ќе се случи после гласањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Димитар Бузлевски.

Според тоа предлагачот си остана на својот предлог и тој сега ќе го прочитаме.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на Закон за начинот на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на Закон за начинот на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската и туристичката дејност, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на Закон за акцизите, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита при работа, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на Закон за задолжување на Република Македонија кај кредитната банка за обнова (KFW) за реализација на Проектот за унапредување на микро, мали и средни претпријатија, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај;

9. Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

10. Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Битола;

11. Предлог за избор на судии на Основниот суд Скопје II - Скопје;

12. Предлог за избор на судии на Основниот суд во Битола;

13. Предлог на одлука за огласување на избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

14. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Кочани;

15. Предлог за избор на претседател на Врховниот суд на Република Македонија;

16. Предлог за престанување на функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија на Маргарита Цаца - Николовска;

17. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 2000 години од христијанството;

18. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на почетокот на третиот милениум;

19. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на 90 години од раѓањето на мајка Тереза на 26 август 1910 година;

20. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на десет години од првите повеќе партиски избори 11 ноември 1990 година;

21. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствената работна организација Градска општа болница "Моша Пијаде" - Скопје;

22. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар Кавадарци - Кавадарци;

23. Предлог на одлука за именување на републички советници на Собранието на Република Македонија;

24. Информација за програмската ориентација на МРТ со посебен осврт за застапеноста на програмите на јазиците на националностите;

25. Информација за киднапирањето на војничката патрола кај селото Танушевци и бегството на Џавит Хасани.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

За збор се јави потпретседателот на Владата Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас не се согласувам со формулацијата на точката како што е побарано од господинот пратеник. Да стои Информација во врска со случајот на војниците и случајот Хасани, а не да даваме квалификации однапред во самиот настап на Информацијата дека тоа е киднапирање или бегство.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас предложив на овој начин, но вака околу формулацијата да не излезе дека ако не го прифатам ова, нема да се даде Информацијата.

Јас сум за тоа за случајот да расправаме, за случајот кај Танушевци и за случајот на господинот Хасани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во тој случај нека биде така сменето - Информација за случајот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се даде комплетна информација. Јас лично сум убеден дека е тоа се што разбрав и прочитав и во странство и овде дека тоа е киднапирање и дека е отпуштен со кауција господинот Хасани.

Меѓутоа, нека биде "случајот со пограничната патрола кај Танушевци и случајот со господинот Хасани".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во таков случај со оваа формулација така го прифати и господинот потпретседател на Владата Бедредин Ибраими и така ќе гласи Информацијата.

За збор се јави господинот пратеник Илија Ѓорѓиев.

**ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ:**

Господине претседателе, господа министри, почитувани пратеници, барам информација од Министерството за финансии

за активностите околу изработката на подзаконските акти за спроведување на Законот за додадена вредност.

Образложение: Во првите денови од примената на Законот, фирмите во најголем дел увезуваат репроматеријали за своето производство, веќе останаа без и онака малите слободни парични средства, плаќајќи ги обврските за царина и ДДВ и натамошното работење веќе е доведено во прашање, бидејќи немаат доволно парични средства редовно да ги измируваат обврските спрема државата, применувајќи го законот како и досега.

За ваша информација, господине министер, ќе симулирам најпрост случај. Ако една фирма увезува репроматеријал во висина од 3 милиони германски марки, истата веднаш ќе мора во тековниот месец, за време на увозот, да плати царини, односно данок во висина од околу 603 илјади германски марки. Притоа, ако истата фирма, во истиот месец пласира на домашниот пазар производи во вредност од 1 милион германски марки и извезе стоки во вредност од 4 милиони германски марки, тоа значи дека ќе може да рефундира со пресметката за аконтација околу 200 илјади марки, а останатите пари во висина од 400 илјади германски марки ќе треба да побара поврат да ги поврати во рок од 30 дена и во случај на доцнење да се плати камата од 0,1% дневно. Ако примената на законот остане и натаму на истиот начин, фирмите кои се извозно ориентирани, а тоа се сигурно во најголем дел во државата, сигурен сум дека веќе од денес не ќе може да се снабдуваат со репроматеријали од увоз, а тоа значи престанок на производството со сите последици.

За да се избегне настанатата состојба, можност дава и самиот Закон за ДДВ во Глава IV, член 43, став 9, каде доследно стои: "Со цел да се избегнат тешкотиите при увоз, се овластува министерот за финансии да утврди од кои случаи и под кои околности може да се одложи плаќањето на ДДВ при увозот и истовремено да се одбие истиот како претходен данок во изминатиот десет годишен период во кој тој настанал".

Во интерес да се поддржат производните фирми, кои се обременети со многу финансиски и технолошки останати проблеми, Вие господине министер имате можност да го примените овој член од Законот, на овие фирми да им овозможите при увозот на репроматеријали да доставаат банкарска гаранција, со која ќе се обезбеди плаќање на делот кој ќе остане како обврска на фирмите после пребивањето на обврските за календарскиот месец, два, три или повеќе месеци.

Ова го барам од две причини.

Прво, фирмите кои ќе го бараат ова сигурно можете да ги проверите преку нивниот бонитет и што е најважно тие се тука, а за нив Ќе гарантираат банките каде што се комитенти.

Второ, веќе во некои земји каде е воведен овој систем на оданочување, постојат вакви решенија. Ќе го посочам примерот во Бугарија, каде за фирмите кои се извозно ориентирани и се со добар бонитет, пресметковниот период за порамнување изнесува и до шест месеци обезбеден со банкарска гаранција.

Се надевам г. министер, дека овој проблем бргу ќе го решите иако вчера во весникот "Нова Македонија" објавивте ваква иницијатива која треба да се озваничи со званична уредба, во која треба да се каже кој е надлежен орган за издавање на вакво решение, каде би се обраќале фирмите за добивање на истата и нормално истата да ја применуваат управите од вашето Министерство задолжени за спроведување на истата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Илија Ѓорѓиев за поставеното прашање.

Има збор г. министер за финансии г. Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се ова што г. пратеник зборуваше е направено и согласно упатството што е издадено, подоцна измените што ги направивме по упатството и како што можете да видите во дневните весници има соопштение за тоа, со банкарска гаранција секоја фирма може да добие одложување на плаќање на ДДВ до периодот што е предвиден. Тоа е веќе завршена работа, можете да го користите, инаку надлежен орган за ова е Царината, потребно е само да приложите банкарска гаранција дека ќе биде платен износот во соодветниот рок.

Согласно измените што ги направивме Царината нема право на избор, значи доколку се приложи банкарска гаранција мора да овозможи одложено плаќање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Ѓорѓиев дали сте задоволни од одговорот?

**ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ:**

Јас сум задоволен од одговорот, меѓутоа завчера побаравме, бидејќи беше објавено во весник, од Царинската управа надлежна за нашиот регион, добивме информација дека таква уредба се уште не добиле.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Упатството е излезено вчера.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во тој случај сте задоволни.

Бидејќи нема друг за дискусија ве молам да гласаме за предложениот дневен ред.

61 пратеник гласаа за, 11 се воздржани и 3 се против.

Констатирам дека усвоен предложениот дневен ред.

Дами и господа пратеници.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага Предлогот за избор на претседател на Врховниот суд на Република Македонија;

Предлогот за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

Предлогот за престанување на функцијата на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

Предлогот за избор на претседател на Апелациониот суд во Битола;

Предлогот за избор на судии на Основниот суд Скопје II - Скопје;

Предлогот за избор на судии на Основниот суд во Битола;

Предлогот за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија и

Предлогот за огласување избор на судија на Основниот суд во Кочани, да бидат разгледани пред разгледување на закони.

Ве молам да гласаме дали сме за овој предлог да помине побргу.

55 пратеника гласаа за, 1 воздржан и 14 се против.

Според тоа овој предлог се прифаќа.

Најпрвин одиме со деветтата точка.

Процедурално има г. Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, задоцни писмено известување до Собранието од Комисијата, заради тоа што доцна заврши седницата на Комисијата за монетарниот и банкарскиот систем.

Комисијата за монетарниот и банкарски систем што туку ја заврши седницата пред оваа седница и испрати писмо до Собранието, меѓутоа писмото задоцни, па сакам да објаснам:

Комисијата му предлага на Собранието точките 2 и 3 законите, едниот е од пратеникот Наќе Стојановски, а другиот од Владата, а се однесуваат за исплата на девизните штедни влогови, да се разгледуваат при крајот на дневниот ред. Ние предлагаме последни, меѓутоа сега се одлучи информацијата да биде последна.

Бидејќи постои сериозна можност тие закони да се претопат во еден и да немаме конфронтирање во текот на седницата. Законот што го предлага г. Стојановски е фактички изработен и поддржан од Здружението на штедачите со старо девизно штедење. Ако успееме да ги отстраниме разликите, а сега веќе не се големи меѓу проектот што го дава Владата и проектот што го дава г. Стојановски во неговиот Предлог - закон, тогаш ќе се донесе закон општо прифатен и за Владата и за Собранието и за претставниците на штедачите. Со тоа фактички решенијата во областа на старото девизно штедење не би биле проблематизирани и доведувани во прашање од штедачите, од нивното Здружение, би се извршила вистинска реституција на сопственоста во таа област, што е еден од важните услови да ги спроведуваме реформите, да се покажеме како држава која води сметка она што го гарантирала со Уставот да го обезбеди и во практика на граѓаните и затоа предлагаме Владата и другиот предлагач да поработат на отстранување на овие спорни прашања и мислиме дека во текот на седницата можат да се отстранат и да се донесе таков закон.

Затоа предлагаме да бидат при крај на седницата, мислам на дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Наќе Стојановски останува повторно, а министерот ќе се изјасни по пратениците.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ваквиот предлог беше прифатен, што го изнесе г. Стојан Андов, на Комисијата - работното тело и од претставниците на парламентарното мнозинство, вкупно сите членови на Комисијата. Да се направи уште еден налор во текот на работата на седницата на Собранието, се бара само тајминг доколку остане соодветниот предлог на дневниот ред тој тајминг нема да го имаме, едната страна ќе биде незадоволна оти ќе се усвои еден закон нема да се усвојат двата. Некои решенија се можни, блиски и се најавени компромиси од двете страни, затоа бараме Предлогот на законот за начинот на исплатата на депонираните девизни влогови на граѓаните да биде точка бр. 23, а Предлогот за донесување на Закон за начинот на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните што ги гарантира Република Македонија всушност предлогот на Владата да биде точка бр. 24 на седницата на овој дневен ред, а сходно на тоа да се помести редоследот на другите утврдени точки на дневниот ред.

Мислам дека со тоа би се постигнал напор оваа седница да биде по продуктивна наместо да расправа по два закони со спротивставени ставови, да се дојде до можно решение да се расправа само по еден закон со изгласани баланси на ставовите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Наќе Стојановски.

Збор побара министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Со оглед на тоа дека очекуваме расправи по другите претходни закони ценам дека нема потреба да се praметуваат точките, дека ќе има доволно време за евентуални дополнителни разговори на двете страни така што мислам дека и без да се помести дневниот ред имаме доволно време за разговори, денеска нема да успееме да стигнеме до таа точка така што тоа е сосема доволно да се разрешат некои дилеми, ако има.

Јас предлагам да не се praметуваат точките, што не значи дека не може да се разговара или било што.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. министер.

Има збор г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, денеска е Законот за начинот на испата на депонирани девизни влогови по кои гарант е Република Македонија, поднесен од страна на Владата, го утврдивме по скратена процедура да го гледаме по ваше, а по мое останувам на тоа дека е по итна процедура, но без разлика на тоа денеска одлучивме во "ад-хок" процедура да го гледаме, па од тие причини матичната комисија, која јас ја водам, за финансии и буџет го нема гледано овој закон, тој закон е сложен и обемен и предизвикува големи обврски кон буџетот на Република Македонија.

Од тие причини се придружувам кон барањето на господата Стојановски и Андов за одложување на оваа точка како последна 23 и 24 меѓу другото и заради причини дека јас, согласно Деловникот, барам да ми се овозможи простор да ја свикам Комисијата да го разгледаме законот, што доколку е на второ место по вашиот дневен ред, тоа е апсолутно невозможно.

Се придружувам во својство на претседател на Комисијата, а согласно Деловникот имам право да барам да ми се овозможи расправа во Комисијата, што значи дека апсолутно законот треба да оди на крај.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да ја прекинам работава, јас ви ветувам дека и по претходниот закон и по овој закон јас ќе ја прекинам седницата и ќе барам да заседаваат матичните комисии. Според тоа, дали ќе биде втора или трета или било која нема да се расправа додека не расправат матичните комисии. Да не комплицираме сега и да ги редиме 22, 23, претходно ќе се прекине седницата и сето она што јас сметам дека не е поминато на матичните комисии, ќе си помине на матичните комисии па ќе ја продолжиме расправата откако ќе ги добиеме извештаите по матичните комисии.

Според тоа господа дали можеме да го прифатиме овој прелог да оди.

Тоа навистина би било коректно, ќе се прекине седницата, ќе заседаваат комисиите, па утре или задутре кога ќе ми кажете дека сте готови со расправата ќе ја продолжиме седницата.

До тогаш да одиме со ова што не е спорно.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Видете почитуван г. претседател, почитувани пратеници, барањето што е истакнато овде од претседателите на двете матични комисии, всушност резултираат од нивната претходна работа што беше по ова прашање. Во нивната работа учествуваа и претставници на девизните штедачи од асоцијациите во Република Македонија и дијаспората од старото девизно штедење.

Впрочем со ваш благослов почитуван претседателе тие се присутни на седницата горе на Галеријата ја следат расправата, а и министерот за финансии како претставник на Владата по овој закон кој денеска е предложен од Владата, вчера во попладневните часови покажа доблест некаде околу 16,00 часот беше еден од последните состаноци со нив по заседавањето на Комисијата за монетарна и кредитна политика и 7-8 спорни прашања кои беа лоцирани и кои мислиме дека можат да се изгладат веќе три од нив беа изгладени во попладневните часови.

Јас не би сакал овде да ги потенцирам кои се тие да не навлегуваме во материјална расправа, останаа уште четири спорни прашања условно да кажам меѓу двете страни, за кои постои, повторувам претходно искажана намера и волја и со дополнителен напор за кој може да се постигне согласност од двете страни.

Во таков случај мислиме дека законот кој ќе биде донесен во Собранието ќе биде прифатен и од асоцијацијата на штедачите на Република Македонија и од дијаспората што на некој начин ќе се постигне главната цел

на донесување на тој закон, а тоа е враќање на довербата кај граѓаните во Република Македонија и надвор од неа во банкарскиот систем. Сметаме дека целта за носењето на овој закон не е само просто типување на државата спрема одреден број на граѓани кои имаат свои штедни партии во Деловните банки во Република Македонија, дека клучниот проблем и клучната цел е иднината на Република Македонија, враќање на довербата во Деловните банки, враќање на довербата на граѓаните во сопствената држава.

Зошто не се пружа таа можност кога сме толку блиску на тој пат да се постигне и таа цел, а законот ќе се донесе со вакви или онакви решенија но ќе изостане тоа клучно прашање тој закон истовремено да предизвика враќање на довербата кај голем круг на граѓани. Шансата е тука, нека се направи тој додатен напор да се даде само одреден тајминг и да се направат напори на двете комисии каде се присутни и двете страни, мислам дека ќе добиеме добро решение. Јас не гледам рационална причина зошто тоа не се направи освен причината на суета. Суетите треба да ги оставиме надвор од нашите глави, надвор од нашите личности, се работи за круцијален закон кој ја тангира судбината на сите граѓани во РМ и долго во иднина ќе ја тангира.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот пратеник Милан Ставрев побара збор.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

По овие дискусии од едната и другата страна навистина не ми е јасно што се бара. Вие убаво рековте дека ќе дадете тајминг законите да поминат на матичните комисии сега заради маркетиншко пристапување на решавање на овој проблем треба уште некој да стане и да дискутира и да кажеме дали сме  поголеми католици од папата или не. Мислам дека се непотребни дискусии сега ако се јавуваат. Бевте јасен и прецизен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Стојановски ќе има можност уште еден напор да се направи, јас ќе го дадам тој тајминг што го барате, не знам што повторно би се дискутирало. Повелете.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Само да кажам дека немам потреба од маркетинг по овој закон, јас излегувам во својство на предлагач по овој закон. На некој начин ја зедов таа обврска да го предложам законот во собраниска процедура пред тие луѓе и тие инсистираат и бараат тајминг, не барам јас. Всушност на нивно барање јас во секој момент можам да се повлечам и да бидам мирен пратеник, мене не ми требаат маркетиншки пристапи, имам други можности за маркетинг, ниту имам посебни интереси во овој случај. Всушност ако остане прашањето како што ќе остане, маркетиншкиот пристап ќе биде од Владата. Ако требаше маркетиншки пристап ќе инсистирав прашањето да влезе многу порано на седницата на Собранието туку баравме тајминг заеднички да се постигнат решенија кои ќе бидат обострано прифатливи. Јас не знам ако прецизирате дека ќе дадете доволно време, нека останат точките на дневен ред по редоследот како е, доволно време за да работат двете матични комисии и да се состанат двете страни, тогаш јас го прифаќам и овој редослед, но со заклучок дека Собранието ќе даде доволен тајминг да се направи тој напор и евентуално да се постигне консензус по тоа прашање и во тој случај да ви кажам јас би го повлекол законот со согласност и не би бил на дневен ред, така ќе нема потреба од маркетиншки пристап. Маркетиншки пристап би бил кога би останале двата закони, кога би имало такво залагање на седницата и кога би се спротивставиле овде со долга расправија две спротивставени страни дека едниот закон не чини дека другиот чини, а по другата точка од дневниот ред обратно дека другиот закон чини а другиот не, тогаш би имале непродуктивна и маркетиншка расправа.

Мојата намера е да излезе еден закон на оваа седница и да немаме спротивставени ниту маркетиншки пристап, туку да имаме целисходен пристап од носење на адекватно решение на тој проблем во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Наќе Стојановски.

За збор се јавува господинот пратеник Милан Ставрев.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Сакам да појаснам пред јавноста да знае, дека и едниот и другиот закон, се правени во времето на Владата кога дојде на власт, коалицијата за промени.

И едниот и другиот закон, го правела Владата на ВМРО-ДПМНЕ, ДПА и ДА. Проблемот на законот е во нијанси, а не во колорит. Дискусијата на претходниот пратеник навистина, ја прифаќам како маркетиншки пристап, за решавањето на овој проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот Никола Грујевски, министер за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Мене навистина ме чуди, како одеднаш, пратениците на СДСМ и

господинот Наќе Стојановски, почнаа да го слушаат гласот на девизните штедачи. Се прашувам, како ли тие ќе бидат среќни, ако вака ги слушаа во 1992 година, во 1993, во 1994, во 1995, во 1996, во 1997 година, 1998, 1999 година. Мислам дека дефинитивно се работи за политички маркетинг.

Овој закон, го најдовме уште на 15 јануари, помина пред Владата пред три недели и за се што треба ние вршевме консултации и имавме контакти, со Здружението на лицата кои имаат заробени девизи, вклучително вчера попладне и подготвивме да продолжиме со такви консултации. Така што предлогот што вие го дадовте е апсолутно разумен и не гледам простор за било каков политички маркетинг. Ако сакаше некој порано да го донесе овој закон имаше време цели осум години. Ако сакаше да ги слуша желбите на луѓето, кои имаат заробени девизи и на кои што државата неправедно не им ги врати, имаше цело осум години, а не денеска да се користи оваа прилика, за да се прави политички маркетинг.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот министер за финансии.

За збор се јавува повторно господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи ова излезе од устата ан министерот, јас нема да коментирам што излезе од устата на пратениците.

Прво, господине министер, мене не ме гледате овде како пратеник од СДСМ. Јас сум предлагач на законот и во тоа својство треба да седам до вашето место, како предлагач по деловникот. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е што направила Владата на СДСМ. Вие најдобро знаете, бидејќи вие пишувате во образложението за штедачите, во годините од 1993 до 1998, што ги набројувавте по ред, исплатила 800.000 милиони германски марки од девизниот долг или годишно исплатила некаде 120 милиони германски марки, што во кеш, што се пребивање на некои обврски.

Кога вие, господине министер со некој ваш предлог ќе постигнете ниво од 50% на тоа годишно, тогаш можете да критикувате некои решенија, кои се по не радикални од вашите. А решенија, кои се по радикални во позитивна смисла, ќе мора да ги признаете, а не да ги критикувате. Затоа што вашиот Предлог на закон што е на дневен ред, вие предлагате исплаќање на десет години, максимално 55 милиони германски марки.

А таа Влада, во такви услови, за тие 7 години исплати 120 милиони германски марки годишно, или вкупно 800.000 милиони германски марки од тој долг. Мислам, тоа се факти и бројки, што вие ги изнесувате по вашиот закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мораме да се договориме и да донесеме овде заклучок, бидејќи ќе се дозволи доволно време, точно така, како што беше предложено и од господинот Климовски, претседателот на Собранието, да се овозможи двете комисии да проработат уште и ако е можно, да се отстрани оваа солуција сега, да се оди со два закона, туку, да се обедини едно законско решение. И кога ќе дојде на дневен ред за тој проблем да расправаме да бидеме концентрирани на решението.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стојан Андов.

За збор се јави господинот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, господа министри, не можам да останам должен, а да не му кажам на господинот Наќе Стојановски, како тие работеа во изминатиот период. Ги отворија ТАТ АЛФА-С Лавци, а убаво ќе биде ако го видиме списокот, кој се тие што си ги подигнаа заштедите, заробени тогаш. Точно е дека се многу, ама треба да знаеме и кои се тие.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Во врска со ова што кажа господинот пратеник Наќе Стојановски сакам да кажам еден важен фактор. Овие осум години чекање, државата ја чинат 400 милиони германски марки камата. А во меѓувреме, плаќано е само за социјални случаи по 100 марки и за свадби и погреби. Тоа е тоа што вие го имате платено. А долгот се зголемил, каматите што се пресметувани се 400 милиони германски марки. Сега, целиот долг, со се камата е 1 милијарда и сто, а кои што 400 милиони марки се на сметка на камати, во овие осум години.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека министерот манипулира со одредени бројки, треба да каже дека тие 400 милиони марки, точно е таа бројка, што е зголемена обврска на државата, но према штедачите, врз основа на домицилни камати што им се исплаќани на девизните депонирани штедни влогови. Намерата што ја

има министерот да ја сведи таа работа на 1% камата на штедните влогови од денес кога ќе се донеси законот па натаму за наредните десет години, повторно да брцне во џебот на девизните штедачи е тоа мислам можеше и таа Влада да го направи, со брцкање во џебот на девизните штедачи. А за да се задржи реалната цена на тој нивни девизен влог ќе мора министерот во Владата дали овој или други ако биде, навистина прав министер да најде реални извори да ги покрива тие трошоци што им ги борчи, што Република Македонија ги гарантира како долг према штедачите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро ако ни е заедничка целта а тоа е да се усогласи еден заеднички текст, а за спорните прашања да расправаме овде, тогаш јас ви реков, нема на посебен заклучок, тоа јас го имам тоа право. Ќе ја прекинам седницата, ќе побарам матичните комисии да поразговараат да се договорат, да ги разгледаат не само овие два закона, рековме и Законот за акцизите, ако е можно и ако се усогласат, добро ако не се усогласат па ќе расправаме на пленарна седница.

Според тоа, да не гласаме сега да ги померуваме точките, туку да одиме да работиме денеска, кога ќе дојдат тие точки тогаш јас си го земам правото да ја прекинам и да ги побарам комисиите да заседаваат. Ете така ќе биде. Според тоа никаков посебен заклучок, јас сум тој кој што го носам тој заклучок.

Добро, тогаш одиме на оние точки на кој што говоревме, ги молам пратениците кој што излегоа да влезат, бидејќи ова се точки за гласање.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, би сакал само да ве потсетам дека Советот на Европа на своето редовно заседание одржано на 5 април оваа година, го симна мониторингот на Република Македонија, со образложение дека Република Македонија направила крупен исчекор во демократизацијата во сите области на општественото живеење. Па во таа смисла да ја поздравиме таа одлука на Советот на Европа, а воедно и да им честитаме на сите членови на нашата делегација во Советот на Европа. Благодарам. (Аплауз).

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, веројатно нема да има крај ако вака допуштите да се злоупотреби говорницата.

Е, затоа и јас си дозволувам си земам за право и јас да кажам по однос на ова прашање што господинот претходно го спомна.

Воопшто не е за поздравување прашањето на симнувањето на мониторингот, туку е жалосно од причина што Македонија не само што не направила чекор напред, туку назад оди и за тоа прашање тек ќе се отвара постапка и ќе се видат сите работи и Советот на Европа е ставен во заблуда од оваа Влада која успеа целиот свет да го излаже, тој Совет од Европа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро и господинот Стојан Андов побара збор. Повелете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, во политиката на секоја земја која стапувала во членство во Советот на Европа е важен настан ако кога се укинува мониторингот. Но за тоа да не расправаме, да не поздравуваме, туку делегацијата да си поднесе еден нормален извештај во Собранието, да седнеме да разговараме за тоа, инаку тоа е голем настан сигурно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Видете, мислам дека тоа беше, тоа процедура беше, не е започнато од сега, тоа е еден долготраен процес кој што финишираше и тоа е од интерес за сите нас, па затоа не би требало да расправаме. Дајте да поминеме, на дневниот ред.

Поминуваме на 15-та точка од дневниот ред - Предлогот за избор на претседател на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на Републичкиот судски совет и Мислењето на Комисијата за прашања ка изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес и молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Симеон Гелевски да биде избран за претседател на Врховниот суд на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

72 пратеници гласаа за, 5 се воздржани и 2 се против.

Констатирам дека Симеон Гелевски е избран за претседател на Врховниот суд на Република Македонија.

На господин д-р Симеон Гелевски, му го честитам изборот и му посакувам успех во работата.

Деветта точка - Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на Републичкиот судски совет и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес и молам кој бара збор?

За збор се јави господинот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Јас повторно се јавувам......

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Останувате ли на предлогот.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Дали се работи за истото прашање или не.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дискусијата на господинот Стојан Попов беше за друго.

Господинот Ѓорѓи Спасов побара збор.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседателе, предлогот за разрешување на судијата на Врховниот суд Ранко Максимовски, ни беше поделен на минатата седница. Постојат два основа за одење во пензија од страна на судиите, тоа е врз основа на старосна пензија и врз основа на која што се повикува Републичкиот судски совет и врз основа на исполнувањето на години на стаж.

Постојат исто така два начина да се оди во пензија а тоа е законски, а дополнително тој начин за одење во пензија може да биде и човечен. А човечен начин на одење во пензија кога еден таков угледен судија како што е судијата Ранко Максимовски, ќе бил ако ништо повеќе лично известен за тоа дека на минатата седница има предлог за негово разрешување по основ за одење во пензија. Или барем Врховниот суд или претседателот на Врховниот суд во овој момент кои што ја обавуваат таа функција.

Врз основа на моите информации претседателот на Републичкиот судски совет ниту го известил судијата Ранко Максимовски, кој следните два-три дена судеше независно тоа што не знаел дека на таа седница требаше да биде разрешен, ниту пак Врховниот суд имаше било какви информации во врска со неговото разрешување и третата работа што е факт дека судијата Ранко Максимовски не го исполнил ни вториот услов, со што се надевал дека можеби во некакви разговори со Републичкиот судски совет може да му биде понудено функцијата судија на Врховниот суд да ја врши барем до крајот на годината.

Оттаму просто сакам да го изнесам тоа како еден начин да не се повторува и дека Републичкиот судски совет, треба и неговиот претседател, треба да го чуваат ако ништо повеќе вистина достоинството на тие луѓе што толку години имаа проведено во судството, го имаат вложено своето знаење, својот авторитет и своето достоинство. На тој начин, практично подостоинствено да заминуваат во пензија, а не вака без елементарна информација и за таквите информации да разбираат дури три дена откако Собранието ќе ја донесе одлуката. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, меѓутоа ние имавме допис од Републичкиот судски совет во кој што во првата точка се вели, дека според евиденцијата со која што располага Републичкиот судски совет, Ранко Максимовски судија на Врховниот суд на Република Македонија е роден на 1 март 1935 година и на 1 март 2000 година има навршено 65 години старост, со што ги исполни условите за стекнување на право на старосна пензија.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Господине претседателе тоа јас не го оспорувам, јас само споменав дека во пензија може да се оди и по два основи. Мислам дека господинот Ранко Максимовски, што не пишува во тоа има всушност 38,5 години стаж и во тој основ можел исто така да остане независно што го исполнил само едниот услов за пензија. Тоа значи дека во разговорот помеѓу Републичкиот судски совет и судиите како што е тоа пракса во голем број на организации, како што е тоа пракса и на Универзитетот, исто така може да се дозволи продолжување на мандатот за еден судија на Врховниот суд, заради некакви семејни или други причини.

Оттаму зборувам не само за законската постапка туку за една човечност која што треба Републичкиот судски совет и неговиот претседател да имаат предвид кога даваат вакви предлози, ако ништо повеќе да ги информираат елементарно барем оние кои што на тој ден им престанува функцијата на судија во оваа држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, дали има нешто да додаде претседателот на Републичкиот судски совет, тој е присутен тука.

Има збор претседателот на Републичкиот судски совет, господин Рафаил Черепналковски.

**РАФАИЛ ЧЕРЕПНАЛКОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас немам право да коментирам изјави на пратеници овдека, затоа само ќе објаснам.

Уставот е категоричен. На судија му престанува функцијата кога ќе исполни услови за пензија. Законот за судовите е категоричен. Исто така функцијата судија престанува со исполнување услови за пензија. Законот за судскиот совет го задолжува Републичкиот судски совет во рок од 30 дена откако се исполнат условите за пензија да предложи разрешување на судија. Тоа е сторено и во конкретниот случај како и многу пати досега. Не е прв случај. 0бјаснувањето, заблагодарувањето на судија Максимовски заради тоа дека бил успешен и т.н. е прашање на однос и прашање на вкус. Предлогот е за разрешување поради исполнување услови, согласно со Уставот и со Законот.

Ве молам, господине Спасов, ќе се повикам само на лично познавање.

Дали јас на Симеон Максимовски ќе му речам благодарам или не, тоа е однос меѓу мене и него. Всушност, известен е со писмо и изразена му е благодарност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Лазаров да не водиме расправа понатаму.

Г-динот Илија Лазаров побара збор.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Г-дине претседателе не ми е јасно како може да не му биде јасно тоа на еден бивш министер за правда. Тоа е исто како, јас сум професор по математика, а да не знам да решам линејарна равенка.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дине претседателе.

Мене ми е совршено јасно кои се законските основи за одење во пензија. Меѓу другото и во моето излагање спомнав дека постојат два основи врз кои може да се оди во пензија. Едниот од тие основи во овој случај е исполнет. Другиот услов, односно основ не е исполнет. И во согласност со законот постоела пракса во оваа држава, меѓу другото да им се овозможи на луѓето кои не го исполниле вториот основ за одење во пензија, да продолжат со извршување на функцијата за одреден период. Тоа е едната работа.

Што се однесува до тоа, и Уставот и Законот ги познавам во доволна мера за да можам компетентно да расправам за оваа работа, а и во својство на министер за правда што сум бил, ја познавам тактиката што ја имаше Републичкиот судски совет.

Втората работа е, јас не говорев за законската рамка. Сметам дека тука претседателот на Републичкиот судски совет нашол законска основа и негово лично право е дали тој или како што вели прашање на вкус е дали некому ќе се заблагодари или нема да му се заблагодари за извршување на функцијата. Меѓутоа факт е дека и Врховниот суд и самиот г-дин  Ранко Максимовски беа целосно изненадени, целосно не информирани и два дена после седницата на која беше ставено ова прашање тие ја обавуваа функцијата, затоа што немаа елементарна информација дека Предлогот на претседателот на Републичкиот судски совет за негово разрешување се наоѓа на седницата на Собранието. Јас зборував само за градење на елементарна човечност во односите во рамките на највисоката судска власт во државата и ништо повеќе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Ѓорѓи Спасов за ова повеќе укажување отколку констатација, се надевам дека тоа најдобронамерно ќе се сфати.

Бидејќи никој не се јавува за збор, предлогот за разрешување на судијата на Врховниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

55 пратеници гласаа за, 8 се воздржани и 7 се против.

Констатирам дека Ранко Максимовски е разрешен од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија поради исполнување на условите за старосна пензија.

Минуваме на Шеснаесеттата точка - Предлог за престанување на функцијата судија на Врховниот суд на РМ на Маргарита Цаца – Николовска.

Има збор г-динот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Прво би Ве замилил во иднина по прецизно да ги дефинирате точките, затоа и се збркав, бидејќи не беше поименично кажано за претходната точка.

Сега би сакал повторно да се наврати на моето претходно излагање.

Прво напомнав дека има два аспекти целиот случај. Првиот по мое мислење е тој процедуралниот кој мислам не е запазен, затоа што доаѓа како предлог на Комисијата за именување, а по информација на републичкиот судски совет и мислење на министерството за правда.

Мое мислење е, имајќи предвид високиот принцип за независност на Републичкиот судски совет, дека тоа треба да биде по предлог на Републичкиот судски совет. Тука е и претседателот, па би можеле да го слушнеме и нивното мислење.

Вториот аспект е оној другиот кој, би рекол повеќе е принципиелен и кој делумно го опфати во своето излагање г-динот Ѓорѓи

Спасов. Тоа е дали со оние изборни функции, со предлагање на меѓународни други функции, дали претходната функција што ја вршел одредениот човек, престанува со самото делегирање. Јас лично мислам дека тоа е апсолутно не принципиелно, затоа што сметам дека и РМ и сите ние би требало да поведеме сметка за луѓето кои ги предлагаме како претставници во меѓународните институции, со еден поголем респект и со една поголема доза на правичност. Мислам дека, барем јас тоа така го толкувам, од оние места од каде што луѓето се делегираат во меѓународните институции, би било логично да мируваат за време на нивниот мандат, затоа што по истиот тој принцип јас поставувам прашање како би било, со сите изборни функции на луѓе кои доаѓаат како пратеници во Собранието на Република Македонија. Колку што јас знам изборните функции мируваат, додека е човек избран за делегат во Собранието. По аналогија, мислам дека навистина тоа би требало да се случи и со делегирање во овие меѓународни институции. Така да и од тој аспект би сакал да слушнам по стручно мислење. Еве тука е г-динот претседател на Републичкиот судски совет.

Инаку сакав да го кажам своето мислење дека јас ќе гласам против и тоа чисто од принципиелни причини. Не се работи воопшто за конкретно име и презиме, туку ние навистина мораме да водиме сметка и за интегритетот и авторитетот на личностите што ги праќаме како делегати и кои се избрани во меѓународните организации, конкретно овде во Европскиот суд за човекови права.

Би замолил за толкување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Стојан Попов за учеството во оваа точка.

Има збор претседателот на Републичкиот судски совет, г-дин-от Рафаел Черепналковски.

**РАФАЕЛ ЧЕРЕПНАЛКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, навистина пред Собранието е поставена една точка на дневен ред, но ве молам за внимание. Не се работи за разрешување. Се работи за утврдување дека престанала функцијата судија на еден, јас би рекол поранешен судија на Врховниот суд на РМ.

Г-ѓата Маргарита Цаца - Николовска е избрана од судот од Европскиот парламент за судија на Судот за човекови права.

Прво и основно што тука мораме да го имаме предвид е дека РМ со правата што ги има како членка на Советот на Европа номинира тројца кандидати од кои Евро парламентот избира еден. Така се случи г-ѓата Маргарита Цаца - Николовска е избрана и од 1 септември 1998 година таа е веќе судија на Судот за човекови права во Стразбург. Сега останаа нерешени неколку прашања на кои се обидовме да најдеме решение и мислам дека сме нашле исправно решение.

Нашиот Устав забранува на судија да врши друга функција или професија, кога е судија. Судиите се избрани со неограничен мандат но немаат право да вршат никакво друга јавна функција освен функција определена со некој закон и второ не смеат да вршат друга професија.

Судската функција по сите толкувања и наши и во меѓународните договори е професија. Не може да постои состојба во која што г-ѓата Маргарита Цаца - Николовска ќе биде судија на Врховниот суд и судија на Меѓународниот суд. Тоа е една работа.

Втора работа, Законот за судовите го обврзува ова Собрание веднаш да огласи избор на судија за секое слободно место на судија.

Ова Собрание има донесено Одлука, според која Врховниот суд на Македонија има 25 судии вклучително со претседателот на судот во конкретниот случај Врховниот суд на РМ од 1 август 1998 година има едно упразнето место и Собранието беше должно да распише оглас за пополнување. Затоа Републичкиот судски совет кој нема конкретно овластување, формално да предложи разрешување на судијата. Маргарита Цаца - Николовска, бидејќи петте поводи кои се уредени и во Уставот и во Законот за судовите не влегува оваа состојба, веројатно затоа што 1991, а и 1995 година не била предвидена ниту имало можност евентуално да се предвиди дека може да дојде таква состојба.

Затоа Републичкиот судски совет уште во јануари 1999 година го извести Собранието, г-дине Попов ве молам, го извести Собранието на РМ со предлог да го пополни слободното место на судија во Врховниот суд на РМ. Како Собранието, претседателот на Собранието и комисиите функционираат овде, во тоа не би завлегувал.

Уште една работа е многу битна. Се плашам дека може да се случи навистина да имаме сериозни забелешки од судот за човекови права од Стразбург заради следното:

Според Конвенцијата за заштита на основните слободи и права на човекот со кој се уредени одредбите за основањето на Судот за човекови права, неговите надлежности и функции, има одредби со

многу консеквентно значење и некој од нив велат: "судијата во судот за човекови права што е избран својата функција ја врши во лично својство". Тука резерва нема, ниту пак има дилема. Значи судијата Маргарита Цаца - Николовска од сите судии што се државјани на земјата од каде што се избрани, не се ни делегирани од Република Македонија, односно од земјата ниту пак се акредитирани. Тие се избрани и од моментот на изборот, откако се претходно номинирани од страна на државата, тие функцијата ја вршат во лично својство, како личност, не како претставник на Македонија, ниту како некоја друга делегирана или евентуално акредитирана должност што тие ја имаат.

Второ, една одредба од Конвенцијата што ја уредила постапката пред Судот за човековите права за која знаеме дека има предмети од Македонија, една одредба е изразито насочена кон тоа , оваа работа требаше да се заврши, а тоа е следното:

За секој предмет кој ќе дојде на расправа пред судот,има процедура, но кога ќе дојде да се расправа, да се пресудува одреден предмет Судот за човекови права формира Совет од 7 судии од кои 6 судии ги бира претседателот на Судот со ждрепка, седмиот судија, член на Советот е секогаш државјанинот од земјата чии што предмет се разгледува. Ако е предметот од Македонија, против државата Македонија, против институции на Македонија, нели се работи за човековите права, во тој случај судијата што е државјанин на Македонија обавезно е член на тој судски совет ве молам, имаме состојба во предмети каде што г-ѓата Маргарита Цаца - Николовска како судија учествува во работа, во постапка и по евентуално одлуки на Врховниот суд на Македонија и имаме состојба кога едновремено истата е и судија на Врховниот суд на Македонија нешто неспоиво. Номинално г-ѓата Маргарита Цаца - Николовска е судија на Врховен суд на Македонија. Ова нешто не се трпи и не може да постои. Затоа беше нужно оваа работа да се среди на тој начин, да се констатира престанок на функцијата, да се пополни местото и да немаме утре, евентуално приговор дека судија член на Советот на Европа едновремено и судија на Врховниот суд на Македонија одлучува во постапката, што би било многу несериозно.

За евентуални други појаснувања, ви стојам на располагање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Судскиот совет на Република Македонија за објаснувањата.

Збор побара г-динот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Благодарам за исцрпното образлагање на г-динот Черепналковски претседател на Републичкиот судски совет. Меѓутоа на мене повторно ми останаа нејасни неколку работи.

Прво дека г-ѓата ја извршува функцијата судија во Европскиот суд, во лично својство тоа ми е јасно и тоа го прифаќам.

Меѓутоа, колку што го разбрав г-динот претседател, тој самиот во почетокот на неговото образложение кажа дека не се работи за Предлог за разрешување на судија, колку што се сеќавам на првата реченица изговорена овде на говорница.

Според тоа, повторно би сакал да прашам зашто точно се работи, дали се работи за пополнување на место и за мирување на функцијата или се работи за разрешување. Тоа и после образложението на г-динот претседател не е јасно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас кога го прочитав беше предлог за престанување на функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија. За престанување на функција, не за разрешување. Според тоа ние констатираме дека и престанала функција судија на Врховниот суд.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Меѓутоа јас зборував за оној другиот аспект на нештата кој што е принципиелен, а тоа е ми се чини еден морален аспект и етички аспект, што станува со луѓето кои ќе бидат избрани на функции во меѓународните организации и институции. Значи имаме едно отворено прашање на кое нема одговор. А по мое некое сфаќање за независноста на судството што се базира врз основа на законите и врз основа на Уставот, сепак мислам дека Републичкиот судски совет би требало да биде тој кој што предлага одлука околу одреден став, значи дали тоа ќе биде пополнување разрешување и така натака.

Затоа мислам дека недостига дециден став, децидно согледување на проблемот. Мислам дека тоа е изоставено и во овој случај, и покрај образлагањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да Ви објаснам г-дине Попов за што се работи.

Точно е дека во месец јануари минатата година Републичкиот судски совет во стариот состав предложи престанок на функцијата судија на Врховниот суд. Меѓутоа настана спор во мислењата токму по ова прашање дали е престанок, не е една функција, врши друга функција, помеѓу три органи, помеѓу Врховниот суд,

Министерството за правда, тогашниот министер колегата Владо Камбовски и мислењето, односно предлогот што ни го достави Републичкиот судски совет.

Јас свикав повторен состанок во нов состав, со нов министер, со нов претседател на Републичкиот судски совет и т.н. за да го расчистиме овој проблем. Притоа Републичкиот судски совет и во новиот состав остана на старото мислење дека треба да престане функцијата. Но во меѓувреме Министерството за правда достави предлог, кој беше идентичен со ставот на Републичкиот судски совет и токму заради тоа ние го немаме во овој момент. Постои став на Републичкиот судски совет, тој е од јануари минатата година и не е изменет, но се измени ставот на Министерството за правда и се создадоа претпоставки ние денес да одлучуваме овде.

Тоа беше целиот спор што во меѓувреме настана околу ова прашање.

Една мала промеморија, за да можеме да донесеме една одлука.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Мене повторно ме интересира само една работа.

Се работи за Предлог за разрешување или престанок на функција и пополнување. Овде стои Предлог за разрешување. Го читам она што е напишано во дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас јасно го дефинирав - Предлог за престанување на функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија и по тоа денес водиме расправа.

Дали има потреба и понатаму да расправаме?

Госпоѓата Ѓулистана Марковска сака да се произнесе.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, после едно вака сосема детално опширно и би рекла исцрпно излагање од страна на претседателот на Републичкиот судски совет, јас не чувствувам никаква потреба надвор од тоа објаснување, бидејќи сигурно би било и непотребно и воедно нестручно.

Она на што се осврна господинот Попов, а тоа е моралната димензија, би сакала да зборувам во тој контекст. Судот за човекови права е висока институција и самиот избор на судија таму значи една многу висока сатисфакција прво за човекот, а потоа и за судијата и на крајот државата од која е избран.

Со оглед на тоа дека сите места во Врховниот суд претходно се огласуваат, по основ на тоа колку расположливи места Врховниот суд има во тој момент, апсолутно нема потреба од вовлекување на моралната димензија во овој случај. Повеќе можеби за генерациите, за овој Парламент сигурно не туку за следниот, дали ако еден судија кој судел во еден ваков суд, тоа е Судот за човековите права во Стразбур и после сите огласени кандидати кои би се јавиле, меѓу кои претпоставувам би била и госпоѓата Маргарита Цаца - Николовска, е начинот на кој ќе се изврши изборот таму, односно на кој што ќе го изврши ова Собрание. Ми се чини дека таа морална димензија воопшто нема потреба да се предимензионира, особено што квалитетот на кандидатот кој евентуално би се пријавил, сигурно би значела една добитна комбинација, така што воопшто не станува збор за било какво разрешување, туку за престанок по автоматизам би рекла на местото судија и ме чуди што досега не се најде можност едно вакво место и досега да се пополни, од причина што знаеме со каква ефикасност работи Врховниот суд, а каква би требало да биде истата и од причина што едно место значи кој знае колку многу разрешени спорови во изминатиов период, кои што досега не беа разрешени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата Ѓулистана Марковска.

За учество во расправата се јави повторно господинот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Морам да кажам дека е неприфатливо ова толкување, барем од мој аспект, затоа што сметам дека мора да има прецизна законска регулатива. Ако одреден човек се јави некаде, еве и на конкурс, тој мора точно да ги знае сите пропозиции со кои ќе биде соочен, затоа што тогаш му се ускратува правото на вистински избор. Ако на пример човекот знае дека со одење на една функција во меѓународна институција му престанува, значи не му мирува функцијата која претходно ја заземал или ќе биде разрешен и т.н., тој има право на свој личен суд дали ќе учествува на таков конкурс.

Значи, мислам дека апсолутно се работи за морална и етичка димензија и во овој случај мислам дека е ускратено, со непостоење на прецизен и дециден законски пропис, дека е ускратено практично правото на оној кој ќе конкурира некаде. Мислам дека навистина се работи за нешто, за недоследности и недоречености.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Стојан Попов.

За збор се јави уште господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседател, јас сметам дека расправата оди во насока која не е составен дел на темата. Сосема е јасно дека напуштањето на судиската функција, па и во Врховниот суд и преземањето на друга функција, па било тоа и во придонес на угледот на Република Македонија, не повлекува и чување на тоа место. Само ако сакаме, можеме нормално нештата и карикирано да ги прикажеме, што ќе биде ако член на Врховниот суд од оправдани причини е отсутен од работата на тој суд? На пример, дали користи породилно боледување, како тогаш ќе се пристапи кон пополнување на тие места. И што ако од оправдани причини поголем број од судии не се присутни во работата на Врховниот суд? Овој пат станува збор се уште само за еден од 25-мината кој не бил во тој суд и се чувствува празнина.

Јас мислам дека можеме да пристапиме кон гласање, дилеми нема околу ова прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Јордан Бошков.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

54 пратеници гласаа за, 6 пратеници се воздржаа од гласање и 7 пратеници се против.

Констатирам дека на Маргарита Цаца - Николовска и престана функцијата судија на Врховен суд на Република Македонија.

Преминуваме на 10 точка - Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Битола.

Предлогот на Републичкиот судски совет и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

идејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Олга Бошевска да биде избрана за претседател на Апелациониот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

56 пратеници гласаа за, 4 пратеници се воздржани и 4 пратеници се против.

Констатирам дека Олга Бошевска и избрана за претседател на Апелациониот суд во Битола.

На госпоѓата Олга Бошевска и го честитам изборот и и посакувам успех во работата, а пратениците ги молам да влезат во салата, затоа што веќе се наоѓаме тука некаде до кворумот.

Процедурално има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека ние не можеме да ги знаеме сите закони напамет во државата, гледам дека процедурата се одвива за разрешување и именување на судии со мнозинство од 50-тина, може ли да ме уверите, бидејќи јас не знам, меѓутоа, имам право се разбира од секретарот во Законот и Деловникот да прашам, според Законот со кое мнозинство се избира и разрешува судија во Република Македонија, со просто или со апсолутно мнозинство од вкупниот број пратеници, зашто тоа треба да го знаеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во прашање е просто мнозинство.

Преминуваме на 11 точка - Предлог за избор на судии на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Предлогот на Републичкиот судски совет и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Весна Богдановска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

60 пратеници гласаа за, воздржани нема, 2 пратеници се против.

Констатирам дека Весна Богдановска е избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Предлогот Снежана Трповска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Истовремено ги молам пратениците кои ги имаше околу 90 на почетокот, да влезат во салата, затоа што сериозно се гласа, се гласа за институции.

(На мониторот се регистрира гласање на 59 пратеници).

Ете сега немаме доволен број пратеници.

Ја прекинувам седницата и давам пет минути пауза за да се соберат пратениците.

(Пауза од 14,10 до 14,40 часот).

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа.

Предлогот Снежана Трповска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

61 пратеник гласаше за, 1 пратеник се воздржан од гласање и против нема.

Констатирам дека Снежана Трповска и избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.

На госпоѓите Весна Богдановска и Снежана Трповска им го честитам изборот и им посакувам успех во работата.

Преминуваме на 12 точка - Предлог за избор на судии на Основниот суд во Битола.

Предлогот на Републичкиот судски совет и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Петкана Јадровска да биде избрана за судија на Основниот суд во Битола го ставам на гласање. Ве молам да гласаме. (По гласањето).

59 пратеници гласаа за, 1 пратеник е воздржан и еден пратеник е против.

Констатирам дека Петкана Јадровска е избрана за судија на Основниот суд во Битола.

Предлогот Милка Бизевска да биде избрана за судија на Основниот суд во Битола го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

60 пратеници гласаа за, 3 пратеници се против и 1 пратеник е воздржан.

Констатирам дека Милка Бизевска е избрана за судија на Основниот суд во Битола.

На госпоѓите Петкана Јадровска и Милка Бизевска им го честитам изборот и им посакувам успех во работата.

Преминуваме на 13 точка - Предлог на одлука за огласување избор на судија ка Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

65 пратеници гласаа за, 3 пратеници се воздржани и двајца пратеници се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Преминуваме на 14 точка - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Кочани.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

65 пратеници гласаа за, 6 пратеници се против и 3 пратеници се воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судија на Основниот суд во Кочани.

Почитувани дами и господа пратеници, продолжуваме со првата точка од дневниот ред.

Преминуваме на првата точка - Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Министерот за финансии ако може да влезе во салата.

Немаме претставник на Владата.

Навистина сме доведени во една многу непријатна ситуација.

Со оглед на тоа дека немаме претставник на Владата, за точката 2 и 3 од

дневниот ред рековме дека ќе дадеме пауза за да можат да работат комисиите и тука пак ни е потребен министерот за финансии.

Според тоа, дами и господа пратеници, ја прекинувам седницата.

Ги молам работните тела во текот на денешниот ден или евентуално во текот на утрешниот ден претпладне да заседаваат, да ги усогласат спорните точки кои ги рековме и ќе продолжиме откако ќе добијам писмен извештај дека ја завршиле работата.

(Седницата прекина со работа во 14,45 часот).